
„НИСКОГРАДБА“
БР. 01-284/1
14.03.2022 ГОД.
БИТОЛА

Изработува: **КЈП "Нискоградба"-Битола**

Разгледува: **Комисија за Јавни и комунални дејности при Советот на Општина Битола**

Усвојува: **Совет на Општина Битола**

Годишен извештај за работењето на КЈП "Нискоградба"-Битола во 2021 година



Битола, февруари 2022

КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НИСКОГРАДБА
БИТОЛА

КЈП НИСКОГРАДБА

Бр. _____

_____2022год.
Битола

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
за 2021 година

1. Дејности на претпријатието

КЈП Нискоградба – Битола како претпријатие формирано од локалната самоуправа за потребите на градот ги врши следните активности:

- одржување на фекална и атмосферска канализација,
- реконструкција и изградба на канализација и улици,
- одржување на градските улици во летни услови, како и одржување на улиците во зимски услови (зимска служба),
- врши и други работи од доменот на инфраструктурното уредување и дооформување на градски површини, согласно урбанистичките планови и годишните програми на Советот на Општина Битола.

2. Организирање

Од постоењето на претпријатието па се до денес процесот на трудот се вршеше на различни начини преку различни форми, со цел да се остваруваат поповолни резултати во извршувањето на работата. Денес процесот на трудот на претпријатието се извршува преку следните сектори, одделенија и оддели:

2.1 Сектор за Општи и правни работи и човечки ресурси

- Одделение за општи и правни работи и човечки ресурси
- Одделение за јавни набавки

2.2 Сектор за Финансии, сметководство и комерција

- Одделение за финансиско сметководствени работи
- Одделение за комерција

2.3. Сектор за канализациони објекти, инсталации, улици и патишта и механизација

- Одделение за канализациони објекти, инсталации, улици и патишта
- Одделение за механизација

- Оддел за припрема, проектирање и развој

Обавувајќи ја работата во секторите, одделенијата и одделот, работниците, работоводниот орган и раководителите меѓусебно се договараат за процесот на трудот со цел за што поуспешно остварување на резултатите од трудот и работењето на претпријатието.

3. Квалификациона структура

Успешното извршување на поставените задачи во работењето зависи и од квалификационата структура на вработените.

Квалификационата структура на редовно вработените на 31.12.2021 година е следна:

М-Р	ВСС	ССС	НСС	Вкупно
1	21	71	49	142

Од оваа табела може да се види дека со завршена магистратура имаме 1 вработен, со ВСС има 21 вработен, Средна стручна спрема имаме 71 вработен, а додека со Ниска стручна спрема ВКВ, КВ, ПК има 49 вработени.

4. Управување

Во КЛП "Нискоградба"-Битола , органи на управување се :

1) Управен одбор
2) Одбор за контрола на материјално - финансиско работење
3) Директор

1) Управниот одбор се состои од девет надворешни членови кои ги избира Советот на Општина Битола. Управниот одбор работи на седници кои ги свикува претседателот, а во негово отсуство и потпретседателот.

2) Одбор за контрола на материјално – финансиското работење е составен од пет члена кои ги одредува Советот со свој акт.

3) Со работата на претпријатието раководи Директор кој го именува (избира) Градоначалникот на Општина Битола.

За остварување на одредени права, обврски и одговорности на работниците се формираат помошни тела – комисии, кои можат да бидат постојани и повремени. Директорот на претпријатието како свое советодавно тело формира стручен колегиум кој претставува советодавен, стручен и оперативен орган.

5. Финансов дел

Деловната 2021 година, КЛП "Нискоградба"-Битола ја заврши со добивка пред оданочување од **1.586.702,00** милиони денари, односно **205.520,00** илјади денари добивка по оданочување.

Табела 1: Структура на остварени приходи во 2021 година споредено со истите во 2020 година

ред. бр.	ПРИХОДИ	Остварени 2020 (3)	Планирани 2021 (4)	Остварени 2021 (5)	Индекс 5 : 3	Индекс 5 :4
1	Приходи од услуги	37,244,636.00	66,015,356.00	59,167,761.00	1.59	0.90
2	Приходи од канализација	70,701,018.00	71,500,000.00	71,482,576.00	1.01	1.00
3	Приходи од употреба на сопствени производи	3,121,594.00	3,000,000.00	3,343,693.00	1.07	1.11
4	Приходи од камати	155,536.00		367,526.00	2.36	
5	Останати приходи од работењето	306,246.00		149,277.00	0.49	
6	Приходи од донации	2,015,500.00		6,000,000.00		
7	Други деловни приходи	21,233.00	500,000.00	29,579.00	1.39	
	Вкупно	**113,565,763.00**	**141,015,356.00**	**140,540,412.00**	**1.24**	**1.00**

Во горната табела даден е индексот на остварените приходи во 2021 година споредени со планираните за истата година и индексот на остварените приходи во 2021 година споредени со остварените во 2020 година. Во 2021 година остварени се приходи за 474.944,00 илјади денари помалку од планираните. Приходите од услуги се намалени во споредба со планираните за 10% или во вредност искажани за околу 6,8 милиони денари. Во 2021 година приходите од канализација се идентични со планираните, односно истите искажани во вредност се намалени за 17.424,00 илјади денари.

Кај приходите од употреба на сопствени производи се забележува зголемување од 11% во споредба со планираните. Во планот за 2021 година не се планирани приходи од камати и останати приходи, планирани се во вкупен износ како други деловни приходи и споредбата на истите е со податоците од 2020 година. Во вкупна вредност сите овие три категории во 2021 година изнесуваат 546.382,00 илјади денари што е за 9 % повеќе од планираните. Во 2020 година постоеше како вид приход, приход од донации кои ни беа доделени од Владата на РС Македонија како еднократна финансиска помош, оваа година исто се забележува во вкупните приходи, приходи од донации кои ни беа доделени од Бирото за регионален развој на РС Македонија по склучен договор за реализација на проектот – " Набавка на камион самоистоварач подготвен и опремен со плуг за чистење снег и резервоар со уред за расфрлање на сол за рурални делови на Битола ".

Видно од табела 1 вкупните приходи остварени во 2021 година споредени со остварените приходи од 2020 година зголемени се за 24 % односно 26,9 милиони денари.

Во споредба со 2020 година зголемување постои кај приходите од услуги и тоа за 59 %. Приходите од канализација се зголемени за 1% во споредба со 2020 година.

Оваа година приходите од употреба на сопствени производи зголемени се за 7%. Овие приходи се остварени приходи од изградба на нова и реконструкција на веќе постоечка

канализациона мрежа изградена од сопствени средства со што се зголемуваат и основните средства (канализационата мрежа) на претпријатието.

Во структурата на вкупниот приход со најголем процент учествуваат приходите од канализација од правни и физички лица и тоа со 51 % и приходите од услуги со 42 %.

Приходите од камати се однесуваат за пресметани камати за закаснети плаќања на смеки од граѓани за надоместок за канализација и истите се зголемени за 211.990,00 денари. Во 2020 година како мерка за олеснување на последиците од пандемијата беше донесена одлука од февруари до декември да не се пресметува камата.

Во останати деловни приходи влегуваат приходите од наплатени судски и нотарски такси и други приходи кои не се од материјално значење. Овие приходи зависат од тоа колку тужби се имаат наплатено во тековната година и кај нив постои зголемување од 39 %.

Приходите од услуги ги сочинуваат приходите од услуги кон Општина Битола и услуги кон трети лица. Во прегледот подолу дадена е структурата на приходи од извршени услуги.

Табела 2:Структура на вкупните приходи од извршени услуги во денари

ред. бр.	Извршени работи	Извршено 2020 (3)	Планирано 2021 (4)	Извршено 2021 (5)	Индекс 5 : 3	Индекс 5 : 4
1	Изградба на нова канализација	13,563,611.00	46,873,389.00	34,077,196.00	2.51	0.73
2	Одржување на улици	6,906,078.00	3,389,832.00	6,286,282.00	0.91	1.85
3	Поставување на сообраќајни знаци	225,952.00	750,000.00	457,355.00	2.02	0.61
4	Зимска служба	8,331,240.00	8,073,564.00	11,152,411.00	1.34	1.38
5	Чистење на реки	1,308,268.00	1,428,571.00	1,927,940.00	1.47	1.35
6	Друга реализација	1,114,037.00		124,063.00	0.11	
7	**Вкупно за Општина Битола**	**31,449,186.00**	**60,515,356.00**	**54,025,247.00**	1.72	0.89
8	Извршени услуги за трети лица	5,795,450.00	5,500,000.00	5,142,514.00	0.89	0.94
9	**Вкупно реализација од услуги**	**37,244,636.00**	**66,015,356.00**	**59,167,761.00**	**1.59**	**0.90**

Од горната табела може да се види дека за Општина Битола извршени се услуги во вредност од 54.025.247,00 милиони денари (без ДДВ) што е за 72 % повеќе од извршените услуги во 2020 година. За други правни и физички лица извршени се услуги во вредност од 5.142.514,00 милиони денари што е за 11 % помалку од извршените во 2020 година.

Во 2021 година од вкупните приходи за услуги, приходите од нова канализациона мрежа се зголемени за 151 % во споредба со истите во 2020, додека кај приходите за одржување на улици постои намалување за 9 % или во вредност искажано намалувањето е за 619.796,00 илјади денари. Приходите за поставување на сообраќајни знаци се зголемени за 102% во споредба со истите во 2020 година. Приходите од зимска служба зголемени се за 34 % и истите зависат од временските

услови и количеството на врнежи снег во тековната година. Приходите од чистење на реки зголемени се за 47 %, додека приходите од друга реализација намалени се за 89%.

Преглед на трошоците на работењето по видови за 2021 год спордени со истите во 2020 година

Вид на расход	Остварени расходи 2020 (2)	Планирани расходи 2021 (3)	Остварени расходи 2021 (4)	Индекс 4 : 2	Индекс 4 : 3
Потрошени суровини и материјали	10,151,993.00	20,500,000.00	16,995,048.00	1.67	0.83
Потрошена енергија	2,627,123.00	4,500,000.00	4,024,224.00	1.53	0.89
Отпис на ситен инвентар	608,652.00	600,000.00	486,812.00	0.80	0.81
Поштенски, телефонски GPJ и интернет услуги	639,473.00	600,000.00	652,331.00	1.02	1.09
Услуги за одржување на опремата	2,356,184.00	3,500,000.00	4,505,606.00	1.91	1.29
Услуги за обезбедување на имотот	647,185.00	750,000.00	643,044.00	0.99	0.86
Закупнина	175,396.00	120,000.00	120,000.00	0.68	1.00
Комунални услуги	231,768.00	400,000.00	302,824.00	1.31	0.76
Производни услуги	4,263,434.00	6,500,000.00	9,453,662.00	2.22	1.45
Услуги за читање на водомери	1,116,000.00	1,116,000.00	1,236,000.00	1.11	1.11
Услуги од агенции за вработување	4,828,171.00	4,000,000.00	3,901,624.00	0.81	0.98
Бруто плати	54,582,607.00	56,000,000.00	58,127,593.00	1.06	1.04
Амортизација	11,224,260.00	12,500,000.00	11,462,052.00	1.02	0.92
Останати трошоци на вработените регрес, отпремнина и помошти	4,033,592.00	4,500,000.00	3,918,097.00	0.97	0.87
Дневници за службен пат	166,544.00	500,000.00	156,365.00	0.94	0.31
Надомести на трошоци на вработените и подароци	1,754,595.00	2,000,000.00	2,439,217.00	1.39	1.22
Трошоци за Управен и Надзорен Одбор	917,784.00	840,000.00	840,000.00	0.92	1.00
Реклами, репрезентација и спонзорство	3,335,136.00	2,300,000.00	1,773,167.00	0.53	0.77
Премии за осигурување	1,104,961.00	800,000.00	806,454.00	0.73	1.01

Банкарски услуги и платен промет	447,035.00	400,000.00	611,762.00	1.37	1.53
Даноци кои не зависат од резултат админи., судски и др. Давачки	550,565.00	650,000.00	467,116.00	0.85	0.72
Останати трошоци од работењето	1,841,833.00	2,000,000.00	1,475,188.00	0.80	0.74
Отпис на побарувања	3,681,582.00	11,500,000.00	12,909,626.00	3.51	1.12
Надомести на штети од дејноста	119,104.00	150,000.00	114,895.00	0.96	0.77
Дополнително утврдени расходи од минати години	1,060,915.00	1,500,000.00	803,356.00	0.76	0.54
Камати од рабоењето со неповрзани друштва	593,057.00	1,500,000.00	727,647.00	1.23	0.49
ВКУПНО :	**113,058,949.00**	**139,726,000.00**	**138,953,710.00**	**1.23**	**0.99**

Од табеларниот преглед погоре се гледа дека вкупните расходи од работењето во 2021 се зголемени за 23% во споредба со остварените расходи во 2020 година.

-Кај потрошените суровини и материјали има зголемување од 67 % во споредба со овие трошоци од 2020 година. Потрошокот на материјали остварен е за изведување на градежните работи и истите зависат од обемот на извршените работи. Дел од овие материјали потрошени се за поправки и одржување на канализационата мрежа во градот и истите паѓаат на терет на претпријатието. Во оваа група на трошоци влегуваат и потрошените канцелариски материјали, потрошените средства за чистење и одржување и други материјали кои се незначителни во споредба со градежните материјали.

-Потрошената енергија, гориво и мазиво во споредба со 2020 година покажува зголемување за 53%.

-Трошоците за поштенски, телефонски, интернет и GPS услуги зголемени се за 2% во споредба со истите во 2020 година.

- Кај трошоците за тековно одржување на опремата има зголемување од 91 %, додека трошоците за обезбедување на имот покажуваат намалување од 1%.

- Закупнината е намалена за 32 %. Во 2020 година во овој трошок покрај закупнина за Наплатниот центар вклучена е и закупнина за стан во град Скопје за еден од вработените кој учествуваше на евалуација во комисија за изградба на пречистителна станица за Битола.

- Трошокот за комуналните услуги е зголемен за 31 % .

-Трошоците за производни услуги споредени со 2020 година покажуваат зголемување од 122%, односно зголемени се за 5.190.228,00 милиони денари. Во оваа група влегуваат трошоците за подизведувачи, регистрација на возила и останати услуги.

-Трошоците направени за читање на водомерите се зголемени за 11%, оваа година покрај за читање на водомерите од ЈП Водовод се плаќа и за читање на водомерите од ЈП Стрежево. Секој месец КЈП Нискоградба плаќа надоместок за читање на водомерите.

- Кај трошокот за услуги од агенции за вработување се забележува намалување од 19 % во однос на претходната година.

- Бруто платите како голем дел од вкупните трошоци се зголемени за 6 % во споредба со 2020 година.

- Согласно сметководствените политики на претпријатието амортизацијата за 2021 година пресметана е по стапки утврдени во номенклатурата за пресметка на амортизацијата. Истата пресметана е по пропорционален метод.

-Трошоците за регрес, отпремнини и други надоместоци на вработените се исплаќаа според колективниот договор и истите намалени се за 3%.

-Дневниците за службени патувања намалени се за 6% во споредба со претходната година. Како резултат на мерките за заштита од пандемијата обуките и деловните состаноци се одржуваа on line.

- Надоместоците на трошоци на вработените во 2021 година се зголемени за 39% во споредба со истите од 2020 година.

- Трошоците за Управен и Надзорен одбор намалени се за 8% во споредба со 2020 година.

-Трошоците за спонзорства, реклами и репрезентација намалени се за 47% во споредба со 2020 година. Спонзорствата се однесуваат за културни манифестации, за спортски клубови, спонзорства на синдикатот за тековното работење, но голем дел од истите се за дадена помош за лекување по поднесени барања од граѓани.

-Трошоците за премиите за осигурување намалени се за 27% во однос на трошоци направени претходната година.

- Кај трошоците за банкарски услуги и провизии, постои зголемување од 37% во споредба со истите од претходната година. Ваквото зголемување најповеќе се должи на провизиите за е – наплата, односно од вкупната провизија од 611.762,00 илјада денари, 57% се однесуваат за провизија за е – наплата, односно во вредност искажана истата изнесува 347.401,00 илјади денари.

- Кај ставката данок на имот, членарини, судски и нотарски такси има намалување од 15% споредено со 2020 година. Трошоците за судски и нотарски такси се наплаќаат од странките при наплата на тужените побарувања и истите се книжат на страната на приходи на претпријатието. Ова значи дека само трошоците на ненаплатените тужби се стварни трошоци на претпријатието.

- Останатите трошоци од работењето се намалени за 20 % , тука влегуваат трошоци за адвокатски и нотарски услуги, останати интелектуални услуги, трошоци за извршители, компјутерски услуги и др. услуги кои не зависат од работењето на вработените.

- По завршна сметка извршени се отписи во износ од 12.909.626,00 денари. Отпишани се побарувања за надомест за канализација од физички лица од 2016, 2017 и 2018 година, како и останати застарени побарувања од правни и физички лица по основ на извршени услуги.

Согласно сметководствените политики на претпријатието вршени се отписи и во текот на цела година и тоа на побарувања за надоместок на канализација од физички и правни лица по барање на странките заради застареност, промена на сопственост, исто така се вршат отписи и врз основа на судски и стечајни решенија. Најголем дел од отписите се прават за сторнирани сметки по добиени податоци од ЈП Водовод (еднаш или два пати месечно) заради усогласување на состојбите на водомерите.

- Надомести на штети од дејноста оваа година покажуваат намалување за 4%.

-Дополнително утврдени расходи од претходни години, ова се трошоци кои не зависат од работењето на претпријатието, станува збор за конто на кое се евидентираат сторнираните сметки и фактури кои се од претходната година, а се изработени по извештај од ЈП Водовод. Кај истите постои намалување од 24 %.

- Каматите од работењето со неповрзани друштва се зголемени за 23 % во споредба со 2020 година.

Анализирајќи ја горната табелата на трошоци очигледно е дека најголеми трошоци направени се за бруто плати, суровини и материјали, гориво, трошоци за одржување на возилата, производни услуги, амортизација, трошоците од минати години и трошоци за вработените. Другите трошоци кои не се поврзани со процесот на работа не земаат голем процент во целокупните трошоци.

Што се однесува до остварените трошоци во 2021 истите се скоро идентични со планираните за 2021 година, односно помали се за 772.290,00 илјади денари.

Во 2021 година изградени се нови канализациони мрежи на наведените улици:

- Приклучоци за мешовита канализација ул. Асном
- Мешовита канализација ул. Пробиштип
- Реконструкција на мешовита канализација ул. Рузвелтова
- Фекална канализација ул. Довлецик
- Колектор за фекална канализација с. Буково
- Атмосферска канализација ул. Крушевска Република
- Реконструкција на мешовита канализација на ул. Кленовец
- Реконструкција на мешовита канализација на ул. Тошо Даскалот
- Реконструкција на мешовита канализација на ул. Ѓорѓи Ѓорѓиев
- Фекална и атмосферска канализација за партерно уредување Офицерски дом
- Реконструкција на мешовита канализација на ул. 16 та
- Фекална канализација ул. Алберт Ајнштајн
- Приклучок за канализација за УБ Кочо Десано
- Реконструкција на мешовита канализација на ул. Ари Ангелевски
- Приклучоци за канализација за спортска сала Боро Чурлевски
- Мешовита канализација ул. Цане Василев
- Реконструкција на мешовита канализација ул. Крсте П. Мисирков
- Санација на отворен канал населба Јенимале – Мал Париз

Напомена: Трошоците за чистење и одржување на веќе постоечката канализациона мрежа како расход не се книжат на посебна сметка и истите се влезени во збирот на вкупните расходи. Овие трошоци се вкалкулирани во трошоците за материјали, гориво, плати и во некои други материјални и нематеријални трошоци и истите се пресметани со посебни калкулации.

Во 2021 година сопствената инвестиција за изградба на нова и реконструкција на стара канализациона мрежа со интерни ситуации е евидентирана на контото Приходи од употреба на сопствени производи во износ од 3.343.693,00 милиони денари.

Вкупните приходи споредено со 2020 година зголемени се 24%, зголемување има и кај вкупните расходи за 23%, односно 2021 година КЈП Нискоградба ја заврши со добивка од работењето во износ од **1.586.702,00 милиони денари.**

Во табела 4 прикажана е разликата помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи и оствареният финансиски резултат. Во 2021 година остварена е добивка од **1.586.702,00 милиони денари** пред оданочување или добивка по оданочување **205.520,00 илјади денари.**

Табела 4 Распределба на вкупните приходи и расходи за 2021 година

	Распределба на доход	**2020 година**	**2021 година**
1	Вкупни приходи	113.565.763,00	140.540.412,00
2	Вкупни расходи	113.058.949,00	138.953.710,00
3	Добивка (загуба) пред одданочување	506.814,00	1.586.702,00
4	Данок од добивка,и непризн.расходи	452.716,00	1.381.182,00
5	Добивка (загуба) по одданочување	**54.098,00**	**205.520,00**

Во табела бр. 5 прикажани се нето платата, придонесите од плата и персоналниот данок како и просечната нето плата по работник исплатена во 2021 година, споредено со истите податоци во 2020 година.

Табела 5 Структура на платите за 2021 год. споредени со истите во 2020 год.

Опис	*2020 г*	*2021 г.*	*индекс*
Нето плата	36.673.828,00	39.039.853,00	1,06
Придонеси од плата	15.282.546,00	16.309.989,00	1,07
Персонален данок	2.628.752,00	2.830.985,00	1,08
Просечен број на вработени	134	138	
Просечна нето плата месечно	22.807,00	23.575,00	1,03

Од табела бр.5 може да се види дека кај просечната нето плата по работник има зголемување од 768,00 денари во 2021 година споредено со 2020 година. Вредноста на бодот за пресметка на плата се зголеми за 7,7 % во Август 2021 година и истата се користеше за пресметка на плата за последните пет месеци од 2021 година.

Табела 6 Преглед на побарувања од купувачи на 31-12-2021 година

Побарувања	*2020г.*	*2021г.*	*индекс*
Од услуги од правни и физички лица	22.180.166,00	29.995.137,00	1,35
Од надоместок за канализа.од правни лица	25.007.123,00	22.172.265,00	0,89
Од надоместок за канализа. од домаќинства	26.543.026,00	24.392.180,00	0,92
Вкупно:	73.730.315,00	76.559.582,00	1,04

Вкупните побарувања на 31.12.2021 година изнесуваат 76.559.582,00 денари и истите се за 4% поголеми во споредба со 2020 година.

Табела 7 Преглед на обврски од добавувачи на 31-12-2021 година

Обврски	*2020г.*	*2021г.*	*индекс*
Обврски од добавувачи во земјата	9.598.859,00	12.608.989,00	1,31

Обврските кон добавувачи во земјата споредено со 2020 година зголемени се за 31 %.

Заклучок

Деловната 2021 година КЈП Нискоградба – Битола ја заврши со добивка по оданочување од **205.520,00** илјади денари. Раководниот тим со своето работење ќе се залага и понатаму да остварува позитивни финансиски резултати.

КЈП Нискоградба - Битола
ВД Директор Зоран Талевски